ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
NDËRMARJA PUBLIKE
ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА
UJËSJELLËSI DHE KANALIZIMI
Број, Numer 0401 - 8872 / 14
Дата, Data 03 -11- 2023
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 52 став 1 од законот за административни службеници („Службен весник на РСМ" бр. бр.167/2015, 27/2016 и 120/2018), Директорот на ЈП Водовод и канализација – Скопје донесува:

**ОДЛУКА**
**за избор на кандидат по интерен оглас број 08/2023**

За извршител на работно место:

1. Советник во Одделение за професионална одговорност, со шифра КДР0102В01203, ниво В01, 1 (еден) извршител, се избира кандидатот Александар Богоевски.

2. Именуваниот ќе биде вработен на работното место од став 1 на оваа Одлука по завршувањето на постапката за избор и конечноста на Одлуката, за што ќе се донесе решение за унапредување на административниот службеник.

3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

На ден 16.10.2023 година на веб страната на ЈП Водовод и канализација- Скопје и веб страната на Агенцијата за администрација, беше објавен оглас за пополнување на работното место: **Советник во Одделение за професионална одговорност, во Одделение за професионална одговорност, со шифра КДР0102В01203, ниво В01, 1 (еден) извршител,** со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување на административниот службеник, формирана со Решение бр.0401-887/7 од 25.10.2023 година, по спроведена административна селекција и разгледување на пријавите и изводите од персоналните досиеја на пријавените кандидати констатира дека на интерниот огласот вкупно се пријавени 2 (два) кандидати од кои пријавата со арх.бр.0401-8872/4 од 17.10.2023 година доставена од административниот службеник Александар Богоевски е уредна, а пријавата со арх.бр.0401-8872/5 од 19.10.2023 година доставена од Ристана Стојаноска-Коцева е неуредна и за тоа состави записник од административна селекција бр. 0401-8872/8 од 31.10.2023 година кој го достави до Директорот. Неуредноста на кандидатот се однесува на тоа дека не доставил доказ, ниту е пронајден во персоналното досие за степен и вид на образование.

Комисијата за селекција за унапредување на административен службеник по спроведеното интервју со кандидатот, изготви и достави до Директорот финална ранг листа бр. 0401-8872/9 од 31.10.2023 година.

Врз основа на финалната ранг листа, Директорот изврши избор како во диспозитивот.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука може да се поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од објавување на Одлуката на web страната.

ЈП Водовод и канализација – Скопје
Директор
М-р Драган Илиевски

**Доставено до:**
-Сектор за човечки ресурси;
-Архивата;
-Именуваните;
-Архива на директорот